# FOREVER

MACEDONIA
Јануари 2015 | Број 159





# Потврдете со факти...

Во бизнисот на мрежниот маркетинг не постојат ветувања и тврдења. Кога се во потрага по клиенти и нови членови, луѓето секогаш кажуваат дека нивните производи ќе направат чудо, и дека потенцијалните нови членови ќе заработат страшно добар приход ако се приклучат во бизнисот.

Проблемот е во тоа што повеќето потенцијални клиенти не им веруваат. Тоа е сосема разбирливо, бидејќи доколку не презентирате пред некој кој ве познава, ве цени и верува во вас, голема е можноста да се сомнева во сè што ќе кажете.

Што да направите за луѓето да ви поверуваат за производите и за можноста која им се нуди? Ќе им обезбедите „релевантни докази“.

Релевантен доказ е кога можете да ги поткрепите вашите зборови со аргументи на кои вашите клиенти ќе им веруваат. Тие може да бидат во повеќе форми. Еве неколку примери:

**1. Искуства:** Кога презентирате и рекламирате, секогаш вклучете ги сведоштвата од вашите клиенти и дистрибутери. Сведоштвата имаат поголема моќ доколку зборува некој на кој веќе сте му помогнале, отколку вашата лична приказна.

**2. Графикони:** Доколку можете да покажете графикони и табели на состојби пред и по резултатите од производите и/или вашиот бизнис развој, тоа ќе даде поголем кредибилитет на вашата понуда.

**3. Записи:** Доколку можете да добиете одобрувања од луѓе кои имаат кредибилитет во јавноста, сè што ќе кажете ќе биде многу поприфатливо.

**4. Статии:** Видете дали можете да обезбедите статии од извори како што се весници, списанија и веб страни, кои би можеле да ги поддржат вашите искази. Користете во вашиот говор цитати од издвоените статии. Овој вид на поддршка од трето лице ќе ви помогне во вашата продажба.

**5. Факти:** Кога презентирате некакво тврдење, мора да бидете во можност тоа да го поткрепите со факти. Уште подобро, дозволете им на вашите идни клиенти да дадат сопствени тврдења и искази. Внимавајте, НЕ ДАВАЈТЕ искази без факти, тоа е многу опасно како за вашиот бизнис така и за вашиот кредибилитет.

**Започнете да собирате и вклучувате релевантни докази во сè што ќе правите за да го изградите вашиот бизнис. Доколку го направите тоа, луѓето кои сакате да се приклучат во вашиот бизнис, ќе започнат да ви веруваат и со задоволство ќе соработуваат со вас.**





# Најголемата авантура

Верувам дека секој поседува авантуристички дух. Едни превземаат ризици, други патуваат до секое катче на светот, или многу сакаат да можат да го прават тоа, трети сонуваат да зборуваат пред илјадна публика, а повеќето од нас копнеат да го изучуваат неизвесното. Како и да ја дефинирате „авантурата", во секој од нас се крие авантурист. Можеби тоа е причината зошто сме се собрале заедно во Форевер. Денес ве поканувам да се потсетите каква беше причината да го започнете овој бизнис и да ја преоцените. Се наоѓаме на прагот на Новата година. 2015-та е тука и претставува чисто бел лист. Ве предизвикувам оваа година сами да ја изберете својата авантура!

## Размислете малку за 2014 г. Што сте биле во можност да постигнете во изминатите 12 месеци? Што направивте? Какви се плановите за догодина?

Едно од најубавите нешта во Форевер е тоа што можете сами да ја создавате судбината. Успехот ви е право пропорционален на мотивацијата и посветеноста кон самите себе и кон вашиот бизнис. И како во секоја друга авантура, тука исто се соочувате со многу варијанти и треба да направите важни чекори за да ги постигнете целите.

**Изберете дестинација.** Јануари е време за оптимизам и СМЕЛИ соништа! Ќе бидете ли со нас на следното возбудливо Глобал рели во 2016-та? Или пак сакате дополнителна премија од програмата Forever2Drive, со која ќе си купите нов автомобил? А што велите за тоа да бидете дел од елитата на Форевер на следната средба на Менаџерите „Орел"?

Се разбира, вие можете да ги постигнете СИТЕ наброени цели, а има и безброј други возбудливи можности – само одлучете за која програма ќе работите.

**Планирајте ефикасно.** Сега, откако сте ги одредиле целите за годината, како имате намера да ги постигнете? Со какви луѓе ќе се опкружите за да имате фантастично патешествие? Составете рута од сегашната местоположба до зацртаните за 2015-та достигнувања и определете ги попатните цели кои треба да ги постигнете – со нивна помош ќе се придржувате кон курсот во тек на годината.

**Бидете флексибилни.** Дали ви се случувало да сте на одлично патување и да решите да ја промените предвидената рута, за да видите нешто непланирано? Важно е да умеете да се прилагодувате на нови и непланирани предизвици и можности. Редовно гледајте ги отстрана своите активности и оценувајте како напредувате кон целите, за да можете да го корегирате курсот во движење.

**Забавувајте се.** Eleanor Roosevelt рекла: „среќата не е цел, туку резултат од добар живот." Уживајте во патувањето и ценете ги нештата кои се случуваат околу вас. Добро или лошо, наоѓајте причина да бидете благодарни секој ден. Благодарноста води до радост. Верувам дека најголемите и најпознати авантури се оние кои се заеднички. Затоа не заборавајте да спонзорирате нови луѓе во 2015 г.

Со нетрпение ги очекувам вашите постигнувања во 2015-та!

Засекогаш ваш,

**Rex Maughan**





# ШТО ВИ Е ПОТРЕБНО ЗА ЗИМСКИОТ ПЕРИОД?

Иако зимата со себе носи убави нешта, сепак промената на времето е причина телото да има зголемена потреба од хранливи материи и дополнителна нега на кожата. Што треба да направиме за да имаме минимална штета на нашите тела, како внатрешно така и надворешно? Најдобар начин за да го зајакнете вашето тело е да внесувате хранливи и природни производи, а надворешно – да се одржува хидратацијата на кожата за да може да се справи со сите предизвици на зимата. За среќа, со производите на **Forever Living Products** имаме сè што му е потребно на нашето тело за да се спротивстави на негативните последици од временските промени. Кои се најефективните додатоци во исхраната?

**Aloe Vera Gel:** Сите наши останати суплементи ќе го достигнат својот максимален потенцијал доколку ги одржуваме нашите тела ослободени од токсини! Овој течен додаток во исхраната содржи многу корисни материи и затоа е мошне тешко да се набројат сите документирани својства и многубројните ефекти. Но едно е сигурно, Алое Вера Гелот има силно и позитивно дејство врз здравјето и начинот на живеење на многу луѓе низ целиот свет.

**Forever Freedom:** Најдобар начин да ги одржуваме нашите зглобови и 'рскавица е тие да бидат добро подмачкани и функционално активни, бидејќи луѓето кои страдаат од трауми на коскениот систем се соочуваат со зголемена непријатност за време на зимскиот период.

**Forever Bee Honey:** Лицата кои имаат проблеми со респираторниот систем имаат потешкотии за време на зимскиот период, бидејќи загадувањето се спушта пониско до земјината површина, и луѓето кои се чувствителни на дишните органи имаат проблеми со дишењето. Се верува дека мешавината од мед и ѓумбир, заедно со црн пипер има способност да им помогне на астматичарите. Во исто време, мешавина од мед и ѓумбир може да делува и како природно средство за искашлување и да обезбеди олеснување кај луѓето кои страдаат од кашлица, настинка, болки во грлото и течење на нос.

**Forever Bee Propolis:** Што може да биде посоодветно од најдобриот и најмоќниот природен антибиотик! Пчелите го користат за да ги задржат своите кошници стерилни и ние луѓето го користиме за ги одржува нашите тела отпорни на бактерии и инфекции. Прекрасен е како за деца, така и за возрасни, мажи и жени, стари и млади-никогаш нема да згрешите доколку го користите овој производ!

**Forever Arctic-Sea:** Омега 3 масните киселини создаваат заштитен слој за секоја наша клетка со што им помагаат ефикасно да се борат со штетите кои ги предизвикуваат слободните радикали. Телото ги користи и како главен градивен материјал за создавање на телесни масти во потребните количини за на нашето тело да му ја обезбеди потребната топлина. Омега-3 (есенцијални масни киселини) се нарекуваат „суштински“ бидејќи луѓето не можат да живеат без нив. Освен тоа, човечкото тело не е во можност само да ги произведе овие масни киселини. Познато е дека DHA (докозахексанонска киселина) во Омега 3 е најмоќен и најважен тип на омега-3 за човечкиот живот. Поради тоа многу е важно каква Омега-3 консумирате. Маркетиншкото тврдење дека производот содржи „големи количини на омега-3“ не мора да значи дека има висока содржина на DHA.

Истражувањата докажуваат дека DHA има многу широка здравствена бенефиција, за поддршка на здравјето на мозокот, срцето, здрави очи, зглобови, ткива итн. Само производите кои се богати со омега3- DHA, може да ги обезбедат овие бенефиции. Всушност, погодете што има во мајчиното млеко? Доминантна масна киселина во мајчиното млеко е DHA.

DHA вообичаено се наоѓа во живиот морски свет, како што се рибите (лосос, туна) или рибини масла или во морски алги. Маслото од каламари, е многу побогат извор на DHA од сите други извори на омега-3 вклучувајќи ги и рибите, масти од алгите и крил-вид на школка. И не само тоа, маслото од каламари го задоволува оптималниот сооднос на DHA / EPA (еикозапентанонска киселина) повеќе од било кој друг извор. Освен што каламарито е познатато по највисокиот извор на DHA, во моментот е и еколошки најодржливо. Ние во Форевер ги земавме сите добри својства од нашиот оригинален Forever Aritc-Sea и додадовме масло од каламари со цел да го зголемиме нивото на природен DHA во оваа формула.

**Sonya Skin Care Collection:** ви претставуваме револуционерна комбинација од совршени производи кои ревитализираат, чистат, тонизираат, хидратираат, надополнуваат, смируваат, зајакнуваат и ја подмладуваат вашата кожа-сè ова го имате во едно практично пакување! Ова се уникатни производи кои мора да ги имате-користете ги и доживејте го прекрасното искуството од прва рака!

**Aloe Lotion:** Вашата потрага е завршена, бидејќи пред вас имате производ за целодневна употреба, збогатен со масло од јојоба и витамин Е кој ѝ помага на вашата кожа да биде мазна, еластична и хидратирана во текот на денот и ноќта. Ќе ја освежи вашата кожа, брзо се апсорбира, ова е еден од најпознатите повеќе наменски лосиони за тело на пазарот денес!

**Aloe MSM Gel:** Идеален партнер на Forever Freedom-ги ублажува болките во мускулите и болките во зглобовите. Длабоко продира во кожата, за да ги пренесе со себе сите корисни состојки и билни екстракти содржани во овој исклучителен производ!















## Здраво драги пријатели,

### Среќна Нова 2015 година!



Нема да ви посакаме да биде успешна или здрава, зошто знаеме дека со Форевер гарантирано ќе биде таква. Ќе ви посакаме да сте исполнети со огромна желба да ги исполните соништата и да направите сè што е потребно за тоа. Бидејќи знаеме дека независно колку силна е нашата желба да биде подобар вашиот живот, ништо не би се случило доколку во вас нема силен стремеж за таква промена. Не оставајте другите да преценуваат наместо вас дали таа е можна или не. Не дозволувајте луѓе кои се предале да ве задржуваат по патот кон вашите цели и да ви кажуваат дали сте во состојба да ги постигнете, или не!

И кога зборуваме за УСПЕХ, треба да прецизираме дека тој не доаѓа сам. Во Форевер успехот е достапен за секого од вас, но само ако сте подготовени да работите напорно секој ден и не се откажувате, додека не го постигнете. Многумина од оние кои никогаш не ги постигнуваат целите, едноставно не бараат доволно од себе и од другите околу себе. Крај вас е полно со луѓе кои не сакаат да продолжат да живеат како досега. А вашата работа се состои токму во тоа – секојдневно да зборувате со неколку луѓе и да им ги претставувате можностите за промена на животот, понудени од Форевер. Оние кои вистински сакаат да тргнат во нова насока, ќе ви се приклучат. И тука доаѓа најважниот момент – да им покажете колку напорно работите вие за вашиот успех и да барате и од нив да го прават истото, за да го постигнат саканото.

Влегувајте во контакт со нови луѓе секој ден. Правете по неколку бизнис презентации на производи секоја седмица. Постојано комуницирајте со својот тим и РАБОТЕТЕ заедно. Обучувајте се, усовршувајте ги вештините да разговарате со луѓето и да им ги презентирате можностите. Напишете ја личната историја со неколку импресивни реченици и вежбајте да ја раскажувате така што да ги инспирира и мотивира вашите соговорници. За да посакаат и тие да го постигнат истото како вас, за да се подготвени да направат сè што е потребно да ги остварат своите соништа. Бидете точни и коректни во односите со другите. На прво место во списокот со приоритети ставете ги активностите поврзани со остварувањето на вашите цели.

Досега наведеното не е сè, но идејата не е сега да правиме обука за постигнување на успех, туку сакаме да ви обрнеме внимание дека процесот бара многу желба, дисциплина и многу, многу работа. Само ако сте подготовени да ги дадете, ќе можете да бидете сигурни дека 2015-та и следните неколку по неа ќе бидат ВАШИТЕ најубави години... Независно што ви посакуваат другите!

Засекогаш Ваши и... насмевнати ☺,

FOREVER

**Стефан и Тања Стаеви**



# SUCCESS DAY 14.12.2014












































MACEDONIA
Smile


Smile















# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ДЕКЕМВРИ 2014 ГОДИНА

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ

1. Бреслиски Марија и Илија – Штип
2. Величковска Алексова др.Анита и Величковски Зоран – Куманово
3. Волчева Снежана – Штип
4. Ѓурови Наталија и Дарко – Штип
5. Здравеви Даниела и Георге – Струмица
6. Јовановски Мимоза и Игор – Струмица
7. Крстеви Зорица и Крсте – Штип
8. Милчева Велика – Радовиш
9. Мисајловска Ивана – Скопје
10. Митеви Васка и Герасим – Струмица
11. Наумови Радица и Марјан – Гостивар
12. Наумова Марија – Штип
13. Руздик Спасова Дијана и Руздик Златан – Штип
14. Симакоски Елизабета и Ламбуш – Струга
15. Симоновска Љупка – Куманово
16. Соколова Татјана – Скопје
17. Сула Асан и Лумтурије – Кичево
18. Франгова Жанета – Скопје
19. Сареви Силвана и Панде - Штип

## ТОП 10

### ВКУПЕН ОБЕМ

1. Др.Роза Гелевска
2. Слафко Михајловски
3. Блага Крстеска
4. Славица Донакова
5. Др.Снежана Контра
6. Катерина Трајчевска
7. Вера Златковска
8. Дончо Ѓорѓиев
9. Валентина Крмова
10. Зорка Малинова

### НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Др.Роза Гелевска
2. Славица Донакова
3. Дончо Ѓорѓиев
4. Вера Златковска
5. Жарко Георгиевски
6. Слафко Михајловски
7. Катерина Трајчевска
8. Др.Снежана Контра
9. Младен Димовски
10. Валентина Крмова

## ТОП 10

### ВКУПЕН ОБЕМ ВО 2014 ГОД.

1. Др.Роза Гелевска
2. Слафко Михајловски
3. Славица Донакова
4. Блага Крстеска
5. Др.Снежана Контра
6. Катерина Трајчевска
7. Вера Златковска
8. Дончо Ѓорѓиев
9. Валентина Крмова
10. Георгиевски Жарко

## ПРОМОЦИЈА ЗА ЈАНУАРИ

**Секој Дистрибутер и Асистент Супервизор кој ќе има порачки во вредност од најмалку 1 бод (бодовите се кумулираат од повеќе порачки) на својот личен код, добива 1 Алое Вера Гел гратис.**




## ПРОМОЦИЈА ЗА ЈАНУАРИ

**За купено 1 парче ФАБ или ФАБХ добивате 2!**




**Следете нè на facebook Flp Macedonia за да бидете во тек со актуелните промоции и настани.**


**FOREVER LIVING PRODUCTS - MAKEDONIJA**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 36, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk



Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.


## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

Едноставно јавете се на телефон 02/ 2465846 и кажете го вашиот дистрибутерски број и производите кои ги порачувате. Следниот ден ја добивате порачката на домашна адреса. Порачката ја плаќате во готово на доставувачот.